Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), член 88 од Закон за Општа Управна Постапка („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/2015, 65/2018) и член 50 став 1 точка 11 од Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот Македонско здружение на млади правници, ул. Донбас бр. 14/1-6, 1000 Скопје, со број УП-1-10-10 од 24.03.2023 година, Градоначалникот на Општина Ресен на ден 06.04.2023 го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

**Барањето за пристап до информации од јавен карактер** од Македонско здружение на млади правници, ул. Донбас бр. 14/1-6, 1000 Скопје, заверено под број УП-1-10-10 од 24.03.2023 година поднесено до имателот на информацијата Општина Ресен **СЕ УВАЖУВА**.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот на информацијата Македонско здружение на млади правници, преку електронска пошта на Општина Ресен поднесе барање на ден 24.03.2023 година заверено под број УП-1-10-10 со кое побара преку е-маил да му биде доставен електронски запис од следната информација:

-Локалните акциони планови за животна средина кои општината ги донела согласно членот 60 став 2 од Законот за животна средина и кои важеле во периодот од 2016 година заклучно со 2023 година.

-Сите измени на локалните акциони планови за животна средина кои општината ги донела во период од 2016 заклучно со 2023 година.

-Информација дали општината има формирано тело за следење на имплементирањето на локалниот акционен план за животна средина согласно членот 60 став 5 од Законот за животна средина и доколку општината има формирано тело, доставете ни информација кога е формирано вакво тело.

-Едногодишните извештаи за следење на спроведувањето на локалните акциони планови за животна средина кои општината ги доставила до Министерство за животна средина и просторно планирање во период од 2016 година заклучно со 2023 година

Постапувајќи по барањето на барателот и по извршената проверка на побараните информации, Општина Ресен го информира за следното:

1. Да, општината има изработено и донесено, со одлука на Советот на општината, ЛЕАП за период од 2017 година до 2022 година.
2. Измени на ЛЕАП-от не се направени и општината во моментот работи на новата генерација на ЛЕАП-от. Заради големината на документот истиот може да се симне од нашата веб страна www.resen.gov.mk – во прозероц Е-општина во делот на Сектор за животна средина – листа на барање.
3. Тело за следење на имплементација на ЛЕАП-от, Градоначалникот на општината, не го има формирано. Но, Секторот за животна средина е одговорен за спроведување и имплементација на мерките и активностите содржанни во ЛЕАП-от.
4. ЛЕАП-от на општина Ресен е донесен за период од 2017-2022 година, Општината доставува извештаи до надлежното министерство во согласност со донесените годишни програми, мерки и активности содржани во овој стратешки документ.

Врз основа на горенаведеното, а во согласност со член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 101/2019), Општина Ресен се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**Градоначалник на Општина Ресен**
**Јован Тозиевски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РЕСЕН

Изработил: Аријан Лумани

Контролирал: Дијана Кремшовска

Одобрил: Зоран Кипревски

Доставено до:
-архива
-барател на информација